UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP
FACULTY OF LAW



# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2019, ISSUE NUMBER 7

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 7 VOLUME VII

YEAR 2019

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2019, Issue Number 7**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Irena Mancheva, student

**Editor in chief**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

# С О Д Р Ж И Н А

**АНАСТАСОВА Весна**
*Формални механизми за контрола и примена на меѓународните стандарди на трудот* ............3

**ДИМЕСКА Наташа**
*Протоколи на интервјуирање на социјалниот работник на дете - жртва на полов напад*....11

**ДОНЕВА Наташа**
*Меѓународно воено /хуманитарно право* ....................................................................................29

**ЃЕНОВСКА Анкица**
*Демократските капацитети и стуктурнata поставеност на советите на општините во источно-плански регион* ........................................................................................................41

**INFANTE Ilaria**
*Riflessioni sul principio dell'immunità giurisdizionale delle organizzazioni internazionali a seguito della sentenza "jam et al. V. International finance corporation" della corte suprema degli stati uniti.* .........................................................................................................................69

**КОЦЕВА Анастазија**
*Истанбулската Конвенција – за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство* ..........................................................................................................75

**МИЛЕВ Благој**
*Пренос на ризикот од случајно пропаѓање или оштетување на предметот кај договорот за продажба*..............................................................................................................................85

**МИЛИНКОВИЌ Мартин**
*Право на правично судење* .........................................................................................................95

**МИТЕВСКИ Андреј**
*Историски развој на затворскиот систем во САД* ....................................................................103

**НЕДЕВ Иван**
*Кривично дело - силување*.........................................................................................................111

**ПЕТКОВСКА Сања**
*Одговорност за материјални недостатоци на предметот на продажбата во договорот за продажба*.............................................................................................................................121

**СИМОНОВ Александар**
*Анализа на Шмитовата концепција „пријател и непријател“ и нејзина примена во меѓудржавните односи* ..........................................................................................................129

**ТРАЈКОВСКА АНЧЕВСКА Жаклина**
**ДИМЕСКА Наташа**
*Фактори кои влијаат на квалитетот на живот и социјалната инклузија и нивно различно дефинирање*.......................................................................................................................... 137

**МИТЕВСКИ Андреј** **УДК: 343.811(73)(091)**

## ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА ЗАТВОРСКИОТ СИСТЕМ ВО САД

**Апстракт:** Казнениот систем низ историјата се смета за најважно средство за справување со криминалците, иако неговата функција се трансформирала низ времето. Служел како место за затворање на осомничени криминалци, дом за скитниците, институција за лудите, место кое имало страшен углед. Испитувањата и трансформациите низ историјата ја развија и ја обликуваа институцијата што ја препознаваме денес. Всушност затворот постоел и во античко и во средновековно време, но не бил популарен метод на казнување, како што биле камшикувањето, осакатувањето и другите јавни физички казни, кои имале за цел да го одвратат обичниот човек од сторување на кривично дело. Меѓутоа, со применувањето на овие казни, не се добиле очекуваните резлутати, а сè повеќе се ставало акцент на природните човекови права, дошло до промени. Се појавиле првите реформаторски движења за намалување на телесните казни, како и за повеќето дела била исклучена смртната казна. Биле воведени Пенсилванскиот и Обурнскиот тип на затвори кои се сметаат за зачетоци на денешните модерни затвори. Овие реформи во затворскиот систем на САД и резултатите кои ги дале, служеле како повик за промена на затворските системи низ целиот свет.

**Клучни зборови:** *затворање, институција, пенитенцијарни системи, затвор, затворски систем.*

**MITEVSKI Andrej** **UDK: 343.811(73)(091)**

## HISTORICAL DEVELOPMENT OF THE PRISON SYSTEM IN THE USA

**Abstract:** Throughout history the penal system has been viewed as the paramount means of dealing with criminals, though its function has transformed throughout time.It has served as a place for detaining suspected criminals, a home for the vagrant , an institution for the insane , a dreaded place of repute. The trials and transformations of history have developed and shaped the institution that we recognize today.In fact the prison existed in ancient and medieval times ,but it was not a popular method of punishment such as whipping,mutilation and other public physical punishments which were aimed at deterring the common man from commiting a crime.But since the public punishments didn't gave the expected results , and more emphasis was put on the natural human rights , the changes were inevitable.The first reform movements for reducing the physical punishment appeared , also the death penalty was ruled out for most crimes.The Pennsylvania and Auburn type of prison were introduced , they were considered the beginnings of todays modern prisons.These reforms in the US prison system and the effects they provided served as a call to change prison systems around the world.

**Keywords:** imprisonment, institution, penitentiary systems, prison, prison system.

## ВОВЕД

Единствена работа за искоренување на злото е добрите луѓе да не прават ништо[1]. Уште од порано луѓето правеле напори да се рационализираат казните и да се спречи злото. Затворите се користеле како еден од изворите за притвор и казна. Затворот служел за притворање на осомничените криминалци, дом за скитниците, институција за лудите и место кое имало страшен углед, сместување, за обновување и воспоставување на категории на обвиненија. Варијанти на современиот затворски систем можат да се најдат низ целиот свет, меѓутоа во земјата на слободата, САД се застапени во најголем обем. Америка има најголем затворски систем во светот со затворска популација, повеќе од Русија и Кина, заедно. Зголемувањето на затворската популација во многу затвори во САД, го наметнува проблемот со пренатрупаност. Голем број од ослободените затвореници, за краток период, повторно се враќаат во затвор. САД трошат милијарди за затворскиот систем секоја година бидејќи имаат најголем степен на криминал, споредено со другите земји. Затворскиот систем се соочува со многу предизвици кои довеле до пренатрупаност на затворите, високи буџетски трошоци, високо ниво на извршување на кривични дела и неможност да се намали криминалот. Фактите и бројките укажуваат на проблематичната состојба и потребата од истрага. Иако кривичниот правосуден систем во САД продолжува да се соочува со значајни предизвици, некои земји успеале да доживеат опаѓање на криминалот и затворската популација, со истовременото одржување низок степен на криминалот и затворската популација. Споредено со другите развиени демократски земји, Германија и Холандија се пример за успешно остварување на овие достигнувања. Природата и опфатот на субјектите на криминалот и затворите се широки и постојат многу психолошки, општествени и социолошки фактори кои можат да допринесат за развој на криминалот и неговиот рецидивизам што го отежнува прашањето точно да се докаже кои фактори се највлијателни врз стапката на криминалот и затворската популација во земјата.

## Затворски систем во 17 и 18 век

Во колонијална Америка казните биле строги. Собранието на Масачусетс во 1736 година наредило првата осуда за крадецот да биде парична казна или камшикување. Вторпат требало да плати висока оштета, да седи еден час под платформата за бесилка со ортома околу вратот, а потоа да биде камшикуван триесет пати. За третиот прекршок да се обеси. Но, реализацијата била сомнителна бидејќи немало ефикасен полициски систем, а судијата не би го осудил на казна, ако верувал дека казната е прекумерна. Локалните затвори ги држеле оние кое чекале да бидат судени, да бидат казнети и оние кои долгувале.[2]

Во периодот по независноста поголем број држави ги менувале своите статути за кривичните санкции. Пенсилванија ја елиминирала смртната казна за кражба и провала во 1786 и 1794, а ја задржала само за убиство од прв степен. Пенсилванија го пренаменила својот стар затвор во Walnut Street во државен затвор. Во Њујорк е изграден државниот затвор Newgate државен затвор во Greenwich Village. Другите држави го следеле овој пример. Но, до 1820 вербата во ефикасност на правната реформа се намалила и статусните промени немале големо влијание на нивото на криминалот во затворите, каде затворениците ги делеле просториите, пленот и алкохолот, станувале бунтовни и склони кон бегство.

Затворањето, не било секогаш вообичаен облик на казна. Телесната казна, присилната работа и социјалниот остракизам биле далеку повеќе вообичаени облици за

[1] Edmund Burke.
[2] https://en.wikipedia.org/wiki/History_of_United_States_prison_systems пристапено на 10.11.2018 година.

казнување, отколку затворањето во античкиот свет, средновековна Европа, па дури и во Англија и колонијална Америка. Тоа се променило во 18 - тиот век со просветеноста во Франција и Англија, што дало повод за нови погледи на слободата, човечката природа и време. Затворањето како казна (а не како притвор или безбедност) и концепт со кој се ограничува слободата на лицата, само по себе е значајна казна за кривичното дело, а времето поминато во притвор било пропорционално со тежината на кривичното дело. Во САД овој концепт е комбиниран со длабоките религиозни погледи на светот на Американските колонии, кој отишол до таа мера што ги третирал библиските кривични дела како што се богохулство како кршење на законот, за да се направат модерни затвори. Американските затвори се единствена институција со историја на нехумано постапување која околу двеста години ја следат добронамерни, но со краток век обиди за реформа.

Американците верувале дека главна причина за криминалот била разликата во класите и богатството. Како нација која е формирана во еднаквост и класна мобилност, тие верувале дека криминалот ќе се намали. Тие исто така верувале дека строгите казни, како оние од британското владеење, биле контрапродуктивни во намалување на криминалот. Додека за британските монархистички закони постоела голема одбојност, тешките казни, смртната казна, сѐ уште постоела во умовите на Американците, исто како и желбата за општествен поредок и стабилност[3].

Немало толеранција за кривичните дела во местата каде што им се нудела таква прилика. Концептот на затвор го погодил балансот помеѓу адекватната казна за кривичното дело, односно казна што била доволно силна да ги одврати криминалците и да реализира нова функција, рехабилитација. Повеќето затвори имаат финансиски усвоени програми кои се фокусираат на рехабилитацијата. Најпопуларни затворски планови биле идентификувани како Пенсилвански план и Обурнски план.

**Пенсилвански систем или „Ќелиски систем“**

Ќелискиот или Пенсилванскиот систем на извршување на казната затвор (лишување од слобода) настанува во градот Филадефија, најголемиот град во државата Пенсилванија во Северна Америка. Се смета дека првиот затвор изграден по системот на ќелии го основал Вилијам Пен, по острите критики што Џон Хауард им ги упатил на американските затвори во кои вршел лични посети и проучување.[4]

Пенсилванскиот систем е имплементиран во раните 1830-1840 во Филадефија и Питсбург, кој е дизајниран да одржи потполно одвојување на затворенците во секој момент. Во настојувањата за стриктно спроведување на начелото на изолација, да се оневозможи секаков контакт на осудените лица со други, освен со стражарите, ќелијата се состоела од два дела од кои едниот служел како шеталиште. До 1904 година затворениците влегувале во установата со црна капа преку главата, така што никогаш не можеле да знаат кои биле нивни колеги затвореници, пред да бидат доведени до ќелијата во која ќе го издржат остатокот од казната во речиси постојана самотија.[5]

Како и неговиот конкурент на Обурн системот, Пенсилванскиот режим е заснован на потенцијалот на затворениците за индивидуална рехабилитација. Самотијата, а не работата бил негов заштитен знак. Работата била резервирана само за оние затвореници кои афирмативно ја заработиле привилегијата. Сите контакти со надворешниот свет, повеќе или помалку, престанале за затворениците на овој систем.

[3] Morris, N., & Rothman, D. (1998). The Oxford History of Prison; The Practive of Punishment in Western Society. New York: Oxford University Press.
[4] Арнаудовски.Љ и Груевска.А, (2013) Пенологија (прв дел), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје страна 213.
[5] https://en.wikipedia.org/wiki/History_of_United_States_prison_systems пристапено на 10.11.2018 година.

Заговорниците се фалеле дека пенсилванскиот затвореник е совршено издвоен од светот, безнадежно одвоен од семејството и од сите комуникации со знаење и од нив за целата казна затвор.

Преку изолација и тишина, комплетно одвојување од моралните загадувачи на надворешниот свет, поддржувачите на Пенсилванскиот систем верувале дека затвореникот ќе се реформира. Но, строгата изолација во ќелиите, без работа и комуникации, доведува до душевно и физичко пропаѓање на осудените лица, до душевни тешки заболувања и самоубиства како последица на долгата изолација. Отсуството на психофизички ангажман доведува до потполно физичко и душевно пропаѓање. Согледување на негативните искуства од строгиот систем на изолација, веќе во 1827 година, доведува до некои реформи што треба да придонесат за смалување и ублажување на строгата изолација. Се задржува изолацијата и континуираниот престој во ќелијата, но се воведува работа, се одобрува користење на литература, се воведуваат редовни посети на лекари и свештеници, сè со цел да се разбие монотонијата, да се внесе разнобразност и интерес за живот и работа.[6] Заговорниците инсистирале дека Пенсилванскиот систем вклучува само благи дисциплински мерки. Сметале дека изолираните луѓе ќе немаат ниту ресурси, ни прилики да ги прекршат правилата или да избегаат. Меѓутоа, многу од чуварите во затворите применувале физички казни за одржување на редот. Властите користеле „железни направи“, металот се ставал во устата на затвореникот, а ланците се ставале околу неговиот врат и глава. „Ладен туш“ фрлање на ладна вода врз врзаниот затвореник или „луда столица“, во која затвореникот бил врзан на таков начин што би се спречило неговото тело да одмори.

Од економска гледна точка, за државата тој е скап како за градење, така и за функционирање бидејќи осудените лица за животот во затворот, ништо не придонесуваат, а ангажираат голем стражарски персонал. Но, и покрај сите овие негативни страни, ќелискиот систем сè уште во потполност не е напуштен, се применува спрема притворениците, доста често како казна за недисциплинираните осудени лица, како фаза во другите системи на издржување на казната.

**Обурнски систем или „Систем на молчење“**

Обурнскиот систем или „системот на молчење“ се надоврзува на ќелискиот систем на тој начин што се настојува да се задржат неговите суштински карактеристики на изолација и во нив да се внесат одредени елементи што ја ублажуваат изолацијата и што овозможуваат да се отстранат некои негативни страни.[7]

Според Обурнскиот систем затворениците спиеле сами во текот на ноќта и работеле заедно во затворската работилница во текот на денот, за целата нивна кривична казна како што е утврдено од страна на судијата. Затворениците во Обурн не смееле да разговараат, па дури ни да разменуваат погледи. Чуварите патролирале во тајните ходници зад ѕидовите на работилниците во мокасини, па затворениците никогаш не можеле да бидат сигурни, дали се или не се под надзор. Карактеристично за овој систем е тоа што биде воведени многу иновации како што се „осуденички чекор“ (марширање во една колона, ставајќи ја десната рака на рамото на затвореникот пред себе и свртени кон стражарот), црнобелите униформи и посебни аранжмани за седење при јадење се со цел да се обезбеди строга тишина.[8]

Еден службеник ја опишал дисциплината во Обурн, како преземање на мерки да се убеди престапникот дека тој повеќе не е свој господар, не е во можност да вежба

[6] Арнаудовски.Љ и Груевска.А, (2013) Пенологија (прв дел), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје страна 215.

[7] Ибид страна 217.

[8] https://www.britannica.com/topic/Auburn-system пристапено на 12.11.2018 година.

измами во безделничење, дека тој мора да научи и практикува некоја корисна вештина и откако ќе биде пуштен од затвор, чесно да заработува за живот.

И покрај раните скандали и редовни политички борби за власт, која ја остави со нестабилна административна структура, Обурн останал модел институција на национално ниво во decениите што доаѓаат. Масачусетс отворил нов затвор во 1826 година, според моделот на системот Обурн, а потоа се надоврзале и другите држави. Рашireноста на казнено-поправните установи во предвоениот САД ја сменил географијата на кривичното казнување и нејзината централна терапија. Престапниците биле веднаш пренесувани преку вода или ѕидни објекти, до централизираните институции на кривичниот правосуден систем, скриен од јавноста. Пенитенцијарните установи на тој начин го прекинале учеството на јавноста во казнениот процес, освен ограничената улога во самото судење, иако многу затвори дозволувале посетители кои плаќале дополнително за да ги видат затворениците.

Обурнскиот план дозволувал соби со изолирано место за спиење, заеднички трпезарии и работилници[9]. Комуникација помеѓу затворениците не била дозволена и имало строга дневна рутина и распоред на трудот. Пенсилванија планот се разликува од Обурн планот, по тоа што затворениците се изолирани во поединечни ќелии за време на целата нивна казна. Заедничка карактеристика на двата плана е што во затворите било чудно и непријатно тивко. Но, како и кај Пенсилаванскиот систем и во Обурнскиот систем имало големи недостатоци. Поради строгиот режим на молчење, на човекот му се забранува секаква вербална и духовна комуникација со другите лица, му се забранува да се користи со она што се разликува од животните, она што произлегува од неговата интелектуална, психичка и социјална природа како општествено битие. Осудените лица оваа забрана ја поднесуваат дури и потешко од осамувањето во ќелијата и затоа често доаѓа до прекршување, а прекршувањето на забраната се казнувало строго со примена на физичка тортура. На овој начин, навистина е спречено меѓусебното негативно влијание на осудените лица, но е спречено и позитивното влијание. Тешките услови на напорна и долготрајна работа со забрана на зборување, но со физички допир во кој нема духовна и социјална комуникација станува неподнослив. Заради сите овие карактеристики, овој систем не значел голем напредок во остварувањето на идејата за ресоцијализација на осудените лица по пат на хуманизација на условите на животот и работата и затоа е брзо напуштен.[10]

**1865 Раѓање на модерните затвори**

Работењето во повеќето затвори било спроведувано со користење на традиционалниот Обурнски план, овозможувајќи поединечни ќелии и заедничка работа и јадење.Ова не е резултат на контуинираните напори за рехабилитација, туку настојувањето да се работи со најниски можни трошоци. Намалувањето на приходите насочени кон затворите резултирало со континуирано опаѓање на условите и персоналот. Потребите за реформите почнале да добиваат на внимание по Dwight и Wines извештаите. Преку нив се зголемила поддршката за новите реформаторски напори. Резултатот од тоа е воспоставување на фиксни максимални и неодредени казни кои им овозможиле на затворениците можност да учествуваат во реформаторските активности и однесувања кои подоцна ќе бидат проценувани за казната, врз основ на „доказ за реформација“.

[9] Morris, N., & Rothman, D. (1998). The Oxford History of Prison; The Practive of Punishment in Western Society. New York: Oxford University Press.
[10] Арнаудовски.Љ и Груевска.А, (2013) Пенологија (прв дел), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје страна 219.

Потегот кон вистинската рехабилитација меѓутоа се случува во прогресивната ера. Реформаторските напори биле во полн замав и материјализацијата на развојот во областите на науката предизвикала затворските реформи да дојдат на прв план во политиката. Напредокот во бихевиористичката наука понудила објаснувања за лошото однесување за социјалните и психолошките третмани. Прогресивците тврделе дека инвидуализираниот третман на затворенците ќе го излечи криминалот и ќе ги спречи идните кривични дела. Големо значење за воведување на реформи во затворскиот систем имале неколку личности како што се Џон Хауард, кој откако посетил голем број на затвори низ Англија и Европа, го објавил делото „Состојбите на затворите“ во 1777. Тој предложил широкоопфатни реформи како што се: затворање на секој затвореник во посебна ќелија, вработените да бидат професионално обучени и платени од страна на државата, да има надворешна контрола и проверка и затворениците да се обезбедат со храна и да имаат нормални услови за живеење. Посебно значајно е движењето на Квекерите кои се ангажирале да се дознае за лошите и очајни услови во кои биле затворите во тоа време. Сепак, можеби најголема улога во реформирањето на затворскиот систем извршил Џереми Бентам, кој вовел измени кои за времето во кое живеел се сметале за револуционерни. Идејата дека притворањето на затворениците требало да се смета како дел од нивната казна, а не како место за задржување пред судење или бесење се сметала за пресвртна точка. Неговите погледи влијаеле врз основањето на затворите како рехабилитациони центри. Во време кога строгото казнување и за најситни работи било во опаѓање, идејата за притворање како форма на казна и корекција има големо значење на они кои биле отворени за реформи и на политичарите. Во првата половина на 19-ти век, строгите казни почнале да се сметаат за несоодветни за многу кривични дела за кои претходно биле досудувани, а до средината на 19-ти век притворањето ја заменило смртната казна за најсериозните кривични дела освен за убиство.[11]

Прогресивната ера ќе произведе психотераписки третман за затворениците, поголем општествен амбиент, распределено време за комуникација и посети и на крај Федералниот затворски систем. После Втората светска војна правата на затворениците добиле поголемо внимание и спроведување. Новоизбраниот Џон Ф. Кенеди вовел политика која била наклонета кон сиромашните и малцинствата, која потоа ќе се стопи со затворскиот систем. Политиката која ја водел Кенеди инспирирала движења за човековите права кои имале големо влијание врз историјата на затворските систем во САД. Затворениците почнале да бараат нивните граѓански права да бидат признати и соодветни на Правилата во Хабеас корпус и Актот за граѓанските права според Хабеас корпус на криминалците им било дозволено да ги оспорат уверувањата и прекршените уставни права, додека со Актот за граѓански права биле заштитени од злоупотреба и им била осигурена слободата на вероисповест и на други уставни права. Дополнително, условите во затворите се нашле под оган од страна на движењата за граѓански права.[12]

**Од 1970 до денес**

Реформи кои следеле по извештајот на комисијата од 1967, биле од краток век и веднаш биле проследени со неуспех и разочарување. Неуспешните реформи, заедно со зголемените стапки на затворање и реформата за казните, довеле до дуплирање на затворската популација во текот на 1970 година. Пред 1970 неодреденото казнување предивидувало максимални казни за одредни кривични дела, меѓутоа во текот на 1970 федерални, државните и локалните влади, почнале да спроведуваат детерминирано

[11] https://www.americanheritage.com/content/how-did-our-prisons-get-way пристапено на 12.11.2018.

[12] http://www.incarceration101.com/types-of-prisons.php пристапено на 12.11.2018 година.

казнување, обезбедувајќи минимална казна за секоја категорија на кривични дела. Напорите за воспоставување на детерминирана казна произлегле од растечкиот скептицизам, од реалната можност за да се реформираат криминалците и уверувањето дека тие треба да се држат настрана од улиците. Како последица на ова се зголемиле казните и бројот на затворања. Овој тренд продолжил и во 1990 година, со што затворската популација, повторно се дуплирала и проблемот со пренатрупаноста е присутен во кривичниот правен систем и денес. систем. „Денес затворската популација брои над 2 милиона затвореници со што 1 од секој 37 Американци во некој момент бил зад решетки“[13]

Ова тешко потпирање на затворот како преферирам метод за казнување, заедно со долгите затворски казни, не само што предизвикало проблеми со населението, туку и резултирало и со поткопување на напорите за рехабилитација поради разочараноста и ограничените ресурси. Во 1865 на казнениот систем се гледало како на најголема помош за решавање на криминалот, а истото се верува и денес. Како резултат на тоа, пренатрупаноста на американскиот затворски систем, преставува голем предизвик и ден денес. Меѓутоа, некои клучни трансформации во рамките на казнениот систем се манифестирале, уште од средината на 19-тиот век. Затворските извештаи, анкети и реформи како и движењата за правата на затворениците, резултирале со воспоставување на правен статус за затворениците, како и подобри услови. Самицата ја заменува физичката казна, рекреацијата преставува олеснување за затворениците, црно-белите униформи биле укинати, а технологијата и модерната медицина довеле до модерна прогресија на затворите. Сепак, додека достигнувањата во условите и правата на затворениците се добиени во последните години, системот има зголемени проблеми со големите бројки на затвореници со направен систем на затворенички каталог, кои само ги онеспособува крминалците за одредено време.

## ЗАКЛУЧОК

Низ историјата на казнениот систем се гледа како на главно средство за справување со криминалците, која функција останала до ден денес. Затворот се користел како просторија за задржување, работилница, притвор и амбуланта. Се пробало да се одмазди, спречи злосторство, залечи, ограничи. Историјата на затворот зборува за институција која се променила и ги предизвикала своите практики и функции, за да постигне оправдување преку резултатите. Почетокот на модерниот период го означува преминот од јавното казнување кое порано било конвенционално, притоа задржувајќи ја физичката телесна казна. Јавното казнување имало за цел да се одврати јавноста од криминалото однесување, а преку физичките казни да се одвратат повратниците. Иако во текот на 17-тиот век, сè уште постојат јавните казни, со издигнувањето на просветителската филозофија била спроведена транзиција која се оддалечувала од физичкото казнување. Физичката казна била заменета со напорите да се рехабилитира душата и карактерот на криминалецот. Америка служи како сигнал за остатокот од светот во врска со затворските реформи, создавајќи два влијателни затворски системи во кои биле имплементирани тишината и изолацијата како средства за менување на затворениците. Овие системи ќе ја направат Америка лидер во менаџирањето на затворите. Но, успехот на Американците е краткотраен бидејќи се соочува со многу нови предизвици. Главен предизвик преставува пренатрупаноста на затворите. Строгата казнена политика и детерминираните казни го зголемиле бројот на затвореници. Пренатрупаноста ги исцрпува ресурсите на системот, а рехабилтацијата не можела да се

[13] Bonczar, T. (2003). Prevalence of Imprisonment in the U.S. Population, 1974- 2001. Washinton D.C.: Bureau of Justice Statistics.

постигне, туку само онеспособување на затворениците. Историјата на затворот се приспособила и поминува години на промени преку јавното мислење и филозофските иновации. Од неговите скромни почетоци, до масовна институција каква што е денес, затворот опстојува држејќи чекор со криминалот и злото, преку ретрибуција, одвраќање или рехабилитација. Развиените искуства го направиле затворот понапредна и подобра институција, меѓутоа некои клучни предизвици, сè уште постојат. Големото потпирање на затворот како казна за сите видови на криминално однесување, создаде систем кој во голема мера е преоптоварен. Затоа „војната со криминалот“ продолжува, но победата се чини далечна.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Арнаудовски.Љ и Груевска.А, (2013) Пенологија (прв дел), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;

O'connor, Rachel, (2014). "The United States Prison System: A Comparative Analysis"

Morris, N., & Rothman, D. (1998). The Oxford History of Prison; The Practive of Punishment in Western Society. New York: Oxford University Press;

https://en.wikipedia.org/wiki/History_of_United_States_prison_systems

https://en.wikipedia.org/wiki/Prison_reform

http://www.incarceration101.com/types-of-prisons.php

https://www.britannica.com/topic/Auburn-system

https://www.americanheritage.com/content/how-did-our-prisons-get-way